НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - INSTITUCIONI NACIONAL
МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА САМОСТОЈНОСТ
MUZEU I LUFTËS MAQEDONASE PËR PAVARËS
Бр.-Nr. 01-190/1
10.03 20 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

До

Министерство за култура на Република Северна Македонија-Скопје

- Сектор за музејска дејност

В.Д. Директор Даниела Николова

НУ Музеј на македонската борба-Скопје

# Годишен Извештај

од 1 Јануаридо 31 декември 2019 година

## Реализирани работни задачи и проектни активности:

Извештајот за работата на НУ Музеј на македонската борба за самостојност во 2019 година, кој што е пред Вас, произлегува од законската обврска за поднесување годишен извештај до Министерството за култура, а ги одразува надлежностите утврдени во Законот за култура(„Службен весник на Република Македонија“ број 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, и 11/18).

Извештајот ја прикажува работата врз секоја од нејзините надлежности и се состои од две генерални целини: стручен дел каде што е претставена работата на

- стручните кадри на Музејот којшто впрочем ја претставува и интегралната дејностна Музејот во рамките на институциите на културата и

- општ дел за работата на Музејот кадешто се прикажани сите аспекти на работата на Музејот од аспект на административно-технички елементи, соработката на Музејот со сродни и други организации, тековни дејствија

Во извештајната 2019 година Музејот продолжи доследно да ја остварува својата дејност согласно законските надлежности со целосна примена на одредбите од Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на интегралната дејност на Музејот во рамките на институциите на културата.

Годишниот извештај е составен во целини, во кои преку елаборации на поединечните дејности е прикажана работата на Музејот за 2019 година. Годишниот извештај е компониран по следниов распоред:

- Детален извештај за работата на музејската документација, презентирани се тековните активности поврзани со музејската дејност,

- Детален извештај за работењето на музејско водење и музејска едукација

-Детален извештај за работењето во делот на меѓународна дејност и односи со јавност

- Детален извештај за работењето на маркетинг и промоција

- Детален извештај за работењето на Порта Македонија,која е во составот на Музејот

1. Активности на Музејот од инфраструктурна природа, се однесува на градежни и други зафати кои се превземени во текот на извештајната 2019 година во однос на санација, зачувување и репарација на објектите кои се во надлежност на Музејот;

2. Администрација и човечки ресурси, се однесува на кадровската екипираност и структурата на вработените во Музејот;

3. Соработка на Музејот со сродни институции, промоција на музејот во рамките на активностите на нашата институција со други организации со слична дејност и организации кои ги користат нашите ресурси;

# В О В Е Д

Годишниот извештај за 2019 година претставува законска обврска на Музејот и се доставува до Министерството за култура.Во текот на 2019 година Музејот реализираше поголем дел од активностите кои беа предвидени во Годишниот план за работа.

Во текот на работењето, Музејот во целост ја исполнуваше својата примарна дејност, на тој начин што истовремено работеше на тековните активности кои произлегуваат од законските нормативи пропишани во Законот за култура, Законот за музеите и Законот за заштита на културното наследство и во реализација на Проекти со кои се зајакнува основната музејска дејност на институцијата.Во рамките на реализацијата на проектите оваа година Музејот реализираше повеќе проекти кои претставуваа дел од Годишната програма од национален интерес во културата на Министерството за култура, но реализиравме исто така и вонпрограмски активност се со цел да ја промовираме културата и културното наследство.

## I. МУЗЕЈСКА ЕВИДЕНЦИЈА НА ДВИЖНИОТ МАТЕРИЈАЛ

И оваа 2019 година работевме посветено во делот на музејската документација така што во континуитет продолживме со внесување,обработување и укоричување на влезни книги,картотека,книга за изложби, излезна книга и се започна со работа и на книга на инвентарни предмети.

Вкупната бројка на музејски матријали  во Влезна електронска книга на НУ. Музеј на македонската борба-Скопјеизнесува  3631 (заклучно со декември 2019 г.). Во текот на 2019 г. учествував во работната група за изготвување на музејска документација-исписи за конвенционалната Влезна книга. Изготвените исписи беа испечатени, укоричени, потпишани соглесно член 2 ставови (1) и (2) од ЗМ, а потоа и архивираниво Влезни книги со следниве деловодни броеви:

| | **ДЕЛОВОДНИ БРОЕВИ НА ВЛЕЗНИ КНИГИ 2019** | |
|---|---|---|
| 1 | 09-38/1 од 23.01.2019 | 401-800 (испис) |
| 2 | 09-107/1 од 14.02.2019 | 801-1250 (испис) |
| 3 | 09-109/1 од 15.02.2019 | 1251-1600 (испис) |
| 4 | 09-254/1 од 02.05.2019 | 1601-2000 (испис) |
| 5 | 09-312/1 од 23.05.2019 | 2001-2350 (испис) |
| 6 | 09-498/1 од 02.09.2019 | 2351-2700 (испис) |

Согласно член 17 од Правилник за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезна книга, книга на изложби, картотеката и другите видови музејска евиденција и музејска документција (донесен од министерот за култура на 05 јуни 2006 г.) како дополнителна и незадолжителна евиденција изработен е Каталог-масовни сцени и портрети евидентиран со деловоден број 09-108/1 од 14.02.2019 г. Истиот е подготвен врз основа на предходно реализирана работна задача, дополнителен извештај за уметнички дела со дел. број 09-363/1 од 06.07. 2015 г. Дополнително се ангажираше надворешен соработник за водење на музејска документација , како консултант кој навремено и професионално соработуваше со музејските стручни лица.




## 1. Превентивни мерки и заштита

Континуирано продолживме да водиме соодветна грижа, чување и одржување на музејскиот материјал, во изложбените простории и депо. За изложените простории во музејската поставка водиме*„Евидентна книгата за измени дополнувањавоизложбената поставка“* со дел.бр. 08-444/1 од 03.06.2014г. вокоја се нотирани повеќе записи.  При реализирањето на работните задачи во привременото депо, ракувачот на депо има нотирано повеќе запис за сите реализирани активности, евидентирани во депојната книга.

За состојбата на музејскиот материјал на хартија кој е дел од музејската експозиција во постојаната поставка беше направен увид во кој е констатирано дека од вкупно 198 записи во добра состојба се 157 примероци, во лоша состојба се 37

МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

примероци, а кај 4 примероци состојбата задоволува. Деталениот извештај „Листа за состојба на музејски фонд од хартија во постојаната поставка“ е прилог кон тромесечен извештај(од 1 јануари до 31 март 2019година ) со деловоден број 09-209/1 од 02.04.2019 г..

Во записник со деловоден бр. 09-302/1 од 20.05.2019г. евидентирана е промена на состојба на музејски материјал со влезен број 205-стол, изложен во петтото одделение од постојната поставка.

Во делот на музејската документација се води книга на хемеротека и во текот на 2019 година се евидентирани 11 исечоци од весници (в. “Вечер”, в.“Независен” и в. “Нова Македонија”.

## 2. Ревизија и увид на музејскиот материјал

Согласно решение под архивски број 02-103/1, донесено од в.д. директорот Даниела Николова на НУ Музеј на македонската борба - Скопје на 14.02.2019 г. беше формирана Комисија за вршење ревизија на музејски материјалпри НУ Музеј на македонската борба- Скопје. Комисијата имаше за цел да ја утврди и нотира фактичка состојба на музејски материјали кои се дел од експозицијата од 2011 г. и привременото депо. Според статистичките податоци во постојаната поставка и привременото депо има вкупно 2954 музејски материјали (табела бр.1) за кои е нотирана утврдената состојбата согласно Правилник за начин на вршење на ревизија на музејски предмети (,,Службен весник на РМ“ бр. 35 од 24.02.2016 г.). Деталните извешти на Комисијата за ревизија се евидентиран со следниве деловодни броеви:09-103/2 од 18.07.2019; 09/103/3 од 18.07.2019; 09-103/4 од 18.07.2019; 09-103/5 од 17.12.2019; 09-103/6 од 31.12.2019 и 09-103/7 од 17.12.2019 г..

Табела бр.1

| Вкупно уметничи дела | Вкупно восочни фигури | Вкупно материјали во постојана поставка од 1-13 одделение | Вкупно материјали во привремено депо |
|---|---|---|---|
| 109 | 155 | 1106 | 1584 |

И оваа 2019 година работевме посветено во делот на музејската документација така што во континуитет продолживме со внесување,обработување и укоричување на влезни книги,картотека,книга за изложби,излезна книга и се започна со работа и на книга на инвентарни предмети.

Како дополнителна и незадолжителна евиденција изработен е Каталог-масовни сцени и портрети евидентиран со деловоден број 09-108/1 од 14.02.2019.

- Согласно член 17 од Правилник за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезна книга, книга на изложби, картотеката и другите видови музејска евиденција и музејска документција (донесен од министерот за култура на 05 јуни 2006 г.) како дополнителна и незадолжителна евиденција изработен и укоричен е Каталог-восочни фигури на 07.12 2018 г. како и Книга на изложби со деловоден број 09-43/1 на 24.01 2019 година.
- Во делот на музејската документација во текот на целата 2019 година се вршеше Ревизија на музејскиот материјал при НУ Музеј на македонската борба-Скопје.На 14.02.2019 г. се формира Комисија за вршење на Ревизија,која имаше за цел да ја утврди и нотира фактичката состојба на музејските материјали кои се дел од експозизијата од 2011 г. и на привременото депо.
- Континуирано продолживме да водиме соодветна грижа,чување и одржување на музејскиот материјал,така што направивме соодветна превентива и заштита на целокупниот текстил во постојаната музејска поставка.

## II. ПРОЕКТИПОДДРЖАНИ И РЕАЛИЗИРАНИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

Работната 2019 г. за Музејот можеме да кажеме дека беше една од поуспешните како на локално,така и на регионално и пошироко ниво.Од особено значење во делот на промоцијата на музејот се изложбените активности кои во текот на целата година ги реализиравме преку програмските и вонпрограмските активности се со цел промоција и јакнење на културните врски помеѓу институциите.

- **Гостинска изложба “Европската мода на црногорскиот двор”**

Кратко сиже:

“Европската мода на црногорскиот двор-рефлексии”, гостувачка изложба во соработка со Народниот музеј на Црна Гора од Цетиње. Оваа изложба беше една од најатрактивните во 2019 г. а особено што модните креации од црногорскиот кралски двор за првпат беа преставени надвор од границите на Црна Гора. Со оваа изложба се направи мал историски пресек на модните изрази на кралска Црна Гора,доловувајќи ја есенцијата на животот,општествените прилики и историјата на едно минато време на Балканот,но и во Европа.Задоволството беше уште поголемо бидејќи со оваа изложба почнавме период на соработка со нашите партнери од Народниот музеј , што се надеваме ќе биде силен катализатор на натамошно продлабочување на културните врски помеѓу двете пријателски земји и народи.

Изложбата беше поставена во холот на музејот на 8(осум ) каширани форекси и 9 витрини. Музејот се престави со оригинални креации од кралското семејство на последниот владетел на династијата Петровиќ-Његош од кралицата и принцезите и нивните лични оригинални предмети. Изложбата свечено ја отворија министерот за

култура Асаф Адеми и министерот за култура на Црна Гора г-н Александар Богдановиќ на двете земји. Изложбата беше отворена на 18 април и гостуваше два месеци.Во знак на соработка склучивме меморандум помеѓу двата музеи се со цел да ја зајакнеме меѓународната соработка не само помеѓу двете институции туку и помеѓу двете пријателски земји. Изложбата беше поставена два месеци од 17 април до 17 јуни. Беше отпечатен каталог на македонски,црногорски и англиски јазик со фотографии во колор. За изложбата особен интерес имаше македонската публика. За таа цел вклучивме и надворешен водич кој ја раскажуваше на посетителите привремената изложба.








- **Гостинска изложба „15 години“**

Кратко сиже:

Изложбата „15 години“, чии автор е Џим Маршал, представува автентичен портрет и документарно сведоштво на градот Сараево. Истата е дел од постојаната поставка на Историскиот музеј на Босна и Херцеговина. Преку пристапот некогаш и сега, се овозможува рефексија на времето и просторот кое првенствено перзистира во рамка од „15 години“ и реалистично ја раскажува примарната приказна за свежите рани од опсадата на Сараево видливи во пролета 1996 г., како и реинтеграцијата на градот преставена 15 години подоцна. Централен дискурс во оваа изложба е динамиката меѓу минатото и иднината, кои континуирано се преплетуваат, надминувајќи го историскиот

линк во друга форма на метафизичката поврзаност. Ова е изложба за надежта, надеж за промена и рефлесија на постојаноста на цивилизациите. Градот Сараево, виден компаративно со историскиот континуитет на Скопје, потврдува дека градовите кои неколкупати беа интегрирани во неколку заеднички држави денес го одат својот пат на независноста.

Изложбата беше поставена 23 дена во период од 5 октомври 2019 г. до 28 октомври 2019г..Свеченоста ја отвори,в.д. директор на институцијата ,Даниела Николова, а потоа на настанот се обрати и ЕлмаХашимбеговиќ, директорка на Историскиотмузеј на БиХ. Изложбатасвеченојапрогласизаотворена заменикдиректорот на Агенцијатазаостварување на правата на заедницитеЏелалХоџиќ. НастанотбешеделодманифестацијатаБеланоќ, на којаспецијаленконцертнастапимаше и пијанисткатаДуњаИвановасопрограмата „Слушамевоцрно-бело“ вокојабеазастапеникомпозицииодМајклНајман, РуиџиСакамото, ЈанТирсен и други. Изложбата е поддржанавогодишнатапрограма на Министерствотозакултура од областа на меѓународна дејност. Како проект координатор подготви детален наративен и финансиски извештај за реализираните проектни активности и истиот е архивиран со деловоден број 05-685/3 од 31.10.2019г.Координатор на изложбата беше м-р Данијела Трајкова-Крстиќ.






- “Државотворен печат” е изложба која ја организиравме по повод 28 години независност.Така што во пресрет на Денот на независноста 8Септември,организиравме мултимедијален настан посветен на македонската

борба за државност и самостојност втемелени на првото заседание на АСНОМ. Изложбата беше отворена на 4 септември.






- На 12 септември во Музејот свечено беше отворена изложбата*Борбата и стадањето на Полските граѓани во Втората светска војна,* во организација на Амбасадата на Полска во Скопје.На свеечното отварање во присуство на голем број гости, се обратија Н.Е. Амбасадорот на Република Полска,г-дин Војциех Тицински,Заменикот амбасадор на Германија Ото Граф,а претседателотна Република Северна Македонија ,Стево Пендаровски,официјално ја отвори изложбата.
-
- На 31 октомври беше отворена изложба со наслов “100 раритети на руската државност”на Амбасадата на Руската Федерација по повод Денот на народното единство.На свеченото отварање во присуство на голем број гости,се обрати Н.Е. Сергеј Базникин,Амбасадор на Руската Федерација,претседателот Стево Пендаровски свечено ја отвори изложбата,која беше поставена 15 дена во холот на музејот.




## III. ВОНПРОГРАМСКИПРОЕКТИ РЕАЛИЗИРАНИ ВО 2019 ГОДИНА

### 1. Проект - ,,Минато на дланка”

Во рамки на музејската недела во Музејот на македонската борба, на 21 мај во 11 часот, низ креативна работилница со ученици од основните училишта и од Државното училиште за деца и млади со оштетен вид Димитар Влахов од Скопје, го промовираме водичот низ музејската поставка „Минато на дланка“.

На работилницата која ја осмисливме во соработка со експертот за арт-терапија м-р Јасмина Лукановска, креиравме пет тимови кои изработуваа исто толку предмети од музејската поставка, но и разговараа и дискутираа за музеите, предметите, книгите, чувствата, татковината, слободата, историјата, јазикот, традицијата и сè она што го прави нашиот музеј посебен и вреден. На крајот од работилницата секој тим ги изложи своите креации, кои добија и свои возбудливи легенди испишани и на Брајово писмо, создавајќи вистинска музејска изложба под водство на кустосот м-р Данијела Трајкова-Крстиќ. Работилницата ја реализиравме со помош на волонтерите од Филозофски факултет, отсек специјална едукација и рехабилитација и волонтерите музејски работници, Владо Кузмановски, Дарко Трпевски и Валентина Тодороска.

Промоцијата на водичот е завршна активност на Проектот за подобрување на пристапноста на слепите и слабовидни лица на Музејот на македонската борба, поддржан од Балканската музејска мрежа финансирана од страна на фондацијата Ставрос Ниаркос, преку имплементација на Фондацијата Културно наследство без граници. Проектот го започнавме токму со учениците од Државното училиште за деца и млади со оштетен вид Димитар Влахов од Скопје, кои заедно со нивната професорка Невенка Котевска, беа наши гости минатата година и кои на вработените во музејот им одржаа обука за правилниот пристап и комуникација со слепите и слабовидни лица. Учениците низ нивната прошетка низ музејската поставка всушност ги одбраа предметите кои се опишани во музејскиот водич.Изработивме 13 приказни за 13 предмети преку кои сакавме да ја доловиме постојаната поставка на Музејот на македонската борба во нејзиниот историски, културен, етнолошки и традициски контекст.Музејскиот водич го изработивме во печатена форма, на Брајово писмо и во

аудио-формат, креирајќи инклузивен концепт на доживување за различни групи посетители.Во рамки на проектот изработени се и тактилни историски мапи и ознаки за движење низ музејската поставка.Благодарност за реализација на проектот упатуваме до Невенка Котевска професорка од училиштетото Димитар Влахов, Коце Димов од Сојузот на слепи и Проектот за деца со пречки во видот (УСАИД, Лајонс Македонија, Универзитет на Југоисточна Европа), кои ги и изработија и адаптираа материјалите на Брајово писмо.



2. **Проект 75 години слободно Скопје**

Во Музејот на македонската борба, на 13 ноември со почеток во 12 часот, беа одбележани 75 години од ослободувањето на Скопје.

Во соработка со Кинотека на Македонија и ООУ “Аврам Писевски“ с. Бардовци на 13 Ноември музејот го организираше мултимедијалниот настан “Наративни приказни за градот Скопје со Данило Коцевски“. На почетокот од одбележувањето настапи хорот учениците од ООУ„Аврам Писевски“ од с.Бардовци. На присутните гости како раководно лице на музејот им се обратив со краток осврт за јубилејот 75 години од ослободувањето на Скопје и го најави македонскиот книжевник, хроничар, романописец и драматург и посветен истражувач на градот Скопје, Данило Коцевски.

Програмата беше збогатена со емитување на документарни филмови од периодот по ослободувањето на градот Скопје од фондот на Кинотека на Македонија и фотографии за животот во Скопје во 50-те години.Модератор и организатор на настанот беше Ана Вишинова, историчар и едукатор во Музејот на македонската борба.

 

### 3. Меѓународна ревија на носии

На 2 јуни, Музејот на македонската борба беше домаќин на уште еден исклучителен настан, Меѓународната ревија на носии, организиран во соработка со Ансамблот Македонија.

Во прекрасна атмосфера пред голем број соработници и гости, во недела на 2 јуни во НУ Музеј на македонската борба се одржа ексклузивна меѓународна ревија на носии на која беше презентирана раскошна традиционална облека од неколку хрватски региони и од Дебарско-реканската етнографска целина.

На отворањето на настанот се обратив како в.д. директор на Музејот на македонската борба и ја најавив ревијата како несекојдневна можност одблиску со цел да се запознаеме со богатото македонско и хрватско традиционално наследство.Ревијата со облека во сопственост на Работилницата за заштита и изнајмување носии од Загреб, Хрватска и Ансамбл Македонија беше пропратена со неколку музички точки во изведба на хрватските гости и македонските домаќини.Специјален гостин на настанот беше Архимандритот Партениј. Настанот го документираше Македонската радио-телевизија.

 

### 4. Изложбата "Сопни го мојто коњче"

На изложбата "Сопни го мојто коњче" беа изложени коњички седла и невестински килими како плод на соработката на Ансамблот МАКЕДОНИЈА со Коњичкиот клуб Анималс. Ни претставуваше особена чест што оваа изложба е проект поддржан од Министерството за култура.




## 5. Изложба ,,Патот до слободата".

По повод 30 годишнината од ,,Кадифената револуција во Чехословачка" во Музејот на македонската борба беше отворена изложба под наслов ,,Патот до слободата". Изложбата ја отвори амбасадорот на Република Словачка, неговата Екселенција Хенрик Маркуш и истата беше изложена до 3-ти Декември 2019 година.




## 6. Модна ревија „Made in North Macedonia: Fashion brands"

Во Музејот на македонската борба на ден 29.10.2019 година, се одржа модна ревија под наслов „Made in North Macedonia: Fashion brands". Во организација на македонскиот велком центар „Добредојде“ Macedonia Welcome Centre и Амбасадата на Велика Британија, на модната ревија беа презентирани неколку македонски брендови кои ја одбележале модната сцена во изминатава деценија. Настанот е дел

од програмата на центарот за промоција на македонската традиција и култура, а се реализираше со поддршка на Музејот на македонската борба и Министерството за култура.





## IV. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Музејот на македонската борба во континуитет и во 2019г. продолжи успешно да ги реализира програмските и вонпрограмските активности и во делот на меѓународната соработка на регионално и пошироко ниво. Во рамките на меѓународната соработка се реализираа повеќе изложби во соработка со музеите на регионално и европско ниво. Од особена важност е комуникацијата и соработката со амбасадите во нашата земја коипокажаа интерес за соработка и партнерство со нашата институција се со цел да ги зајакнеме културните врски помеѓу нашиот музеј и институциите од областа на културата и образованието од  другите земји преку соработката со амбасадите.

Комуникација со јавноста, освен соопштенијата до јавноста,музејот ја реализира и преку редовно ажурирање на официјалната веб-страница на која  ги објавуваме сите релевантни активности и настани во музејот.Информациите на веб-страницата се објавуваат и на македонски и на англиски јазик. Во текот на годината имаме објавено 27 нови прилози. Паралелно со страницата, музејот во 2019 година продолжи со активно ажурирање на профилите на социјалните мрежи facebook и googlebusiness. На мрежата facebook, до овој момент имаме 2.245следбеници, а објавите (неколку објави месечно) стигнуваат во просек до 6,000 корисници. На оваа мрежа имаме 34 рецензии со просечна оценка 4.9 (од 1 до 5). На профилната страница на googlebusiness 618 рецензии за посета, со средна оценка 4.3 (од 1 до 5). Посетителите своите рецензии ги искажуваат на социјалните мрежи како и во  книгата за впечатоци,која се наоѓа во холот на музејот.

Исто така со нашите партнери Балканска музејска мрежа и мрежата на НЕМО се продолжи со редовна комуникација преку кои се спроведуваа нашите активности . Во информаторите на НЕМО беа дистрибуирани прилози за активностите на Музејот на македонската борба,додека Балканската музејска мрежа исто така редовно ги споделуваше нашите проекти преку нивните профили и интернет локации.Можностите за соработка,студиски посети и учества на конференции беа проследени до

раководното лице преку кои заинтересираните колеги беа информирани за можности за дополнителни обуки и професионален напредок.

Во рамки на соработката со НЕМО, учествував како раководно лице на институцијата на конференцијата Connected Audience Conference, која се одржа 4-6 април во Берлин. Конференцијата беше можност за размена на искуства и нови идеи за современите трендови во светската музеологија и работата на музеите со различникатегориипосетители.

Во периодот од 16 до 17.05 2019 г. на годишната конференција на ЛАМ на тема: Европските насоки за соработка помеѓу библиотеките,архивите и музеите “,која редовно се одржува во Цетиње,Црна Гора , м-р Илија Василевски,водич во музејска поставка се престави со свој труд со наслов “Улогата на архивите во концепирањето на музејската поставка во Музејот на македонската борба за самостојност”,за кој се стекна со сертификат за учество.

Во периодот од 10 до 12 јунизреализиравме успешна посета на Белград, Република Србија заедно со м-р Маја Миноска-Павловска,советник за меѓународна дејност и односи со јавност.Во текот на тродневнатапосета беа остварени неколку исклучително важни состаноци во неколку музејскиинституции, разгледани можностите за заеднички проекти и договорени конкретнииднi соработки. Како резултат на посетата утврдени се деталите за гостувачкатаизложба на Галерија 73 од Белград, закажана и реализирана за август 2019 воПорта-Македонија.

На состаноците во Историскиот музеј на Србија се разгледаа можностите за размена на изложбени активности меѓу двете институции на теми од заеднички интерес. На средбата со колегите од Музејот на Југославија веќе конкретно беше договорена гостувачка изложба под наслов “Царски дарови” по повод 40 години од смртта на Јосип Броз Тито. Изложбата е планирана за мај 2020 година, која очекуваме да предизвика особен интерес во нашата стручна и поширока јавност. За оваа гостувачка изложба која ќе се реализира следната година м-р Маја Миноска-Павлова изработи предлог-проектна апликација во нацрт-програмата за работата на НУ Музеј на македонската борба за 2020 година, која очекуваме да биде поддржана во годишната програма на Министерството за култура. Како предлог-проекти на институцијата во делот на меѓународната соработка беа изработени апликации за годишна членарина во две професионални музејски мрежи НЕМО и Еуропа Ностра, како и предлог проектна апликација за учество на еден учесник на годишната конференција на НЕМО во 2020 година, асоцијација чиј член е нашиот музеј.

Од септември 2017 г, музејот е член на организацијата НЕМО (Мрежата на европските музејски организации) со седиште во Берлин, Германија, која има за цел да споделува информации, тренинзи, обуки, можности за учење за музејските работници и да ги поврзува музејските организации во Европа. Музејот ги користи сите можности за соработка со оваа мрежа, а за таа цел од особено значење е и

присуството на нивните годишни конференции на кои имаме право да учествуваме како членови. И оваа мрежа објавува свој информатор, на кој редовно ги објавуваме нашите активности.Во периодот 6-11 ноември 2019 во Тарту, Естонија, Маја Миноска-Павловска,советник з амеѓународна соработка и односи со јавност  учествуваше на годишната конференција на НЕМО под наслов „Споделувајќи рецепти за подобра иднина“ која во фокусот ја имаше врската на музеите и одржливиот развој.
Конференцијата беше можност за воспоставување контакти со сродни институции од Европа со кои можеме да соработуваме во иднина.

Во септември 2019 заедно со Галерија 73 од Белград подготвивме предлог-апликација за одржување работилница за музејски професионалци во Србија. Предлог за тема на работилницата е проектот Отворени музеи односно Водичот за музејска програма за работа со деца/лица со аутизам и нивните семејства која би ја реализирале ко-авторите на водичот кустосот м-р Данијела Трајкова-Крстиќ и надворешниот соработник д-р Јасмина Трошанска. Очекуваме дека ова работилница ќе се реализира во текот на 2020 година. Во насока на промоцијата на институцијата е и продолжување на соработката со туристичкиот водич InYourPocket, европски бренд присутен во повеќе од 33 земји.Музејот на македонската борба е соодветно претставен во туристичкиот водич, преку текст и фотографии, а информациите се достапни и преку нивната веб-страница и апликацијата за мобилни уреди. Музејот е присутен и во двете изданија објавени во2019г.

Во мај м-р Маја Миноска-Павловска, советник за меѓународна дејност и односи со јавност,учествувавше на еднодневната работилница,„Сеопфатна промоција преку онлајн и печатен медиум и едукација на туристичките чинители во сите десет дестинации заради зајакнување на нивната конкурентност “, организиран од In Your Pocket, на која имавме можност да се запознаеме со главните трендови и алатки за развој на туризмот и зголемување на бројот на посетители во земјава и во светот. Членовите МНК ИКОМ учествуваваа и на годишното советување на МНК ИКОМ годинава под мотото Музеите како културни средишта, што се одржа на 17  -Куманово.

Како членови на Балканска Музејска Мрежа имавме можности да бидеме подржани и во еден мал грант за проектот  кој го водеше Ана Вишинова **М2М (Museum to Museum.**Во периодот од 13 до 18 Октомври 2019 г. во рамките на нејзиниот работен престој во Белград реализирала размена на искуства со колегите од Музејот на Југославија ,што е поврзано со историскиот период преставен во нашиот музеј како и пристапноста,размена на искуства низ разговори и можност да присуствува на едукативна работилница,организирана музејска турнеја за странски посетители,разговори и размена на искуства со стручни лица од музејот заистражување и реализација на проекти,како и нивните различни искуства. Посебно задоволство беше што имавме прилика да присуствуваме на трибината организирана во Музејот на Југославија Аполо 11-Мисија Белград,која што не инспирира во нашиот музеј да организираме сличен настан,по повод 75-годишнината од ослободувањето на

**МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ**
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

градот Скопје на 13 Ноември 2019 г.која ја координираше Ана Вишинова. Во рамките на овој проект имаав можност како раководител на институцијата да направам повеќе работни состаноци со раководното лице со Музејот на Југославија и да разменам искуства и идни соработки со цел музејска промоција на регионално ниво.

Музејот на македонската борба е член на македонската асоцијација за дојдовен туризам НАИТМ која опфаќа туристички организации, хотели, водичи, транспортери и останати фактори кои се занимаваат со туристи од странство. Голем дел од нашите посетители се странски туристи, па поблиска соработка со асоцијацијата и нејзините членови е особено важна за зголемување на бројот на посетители во институцијата.Во декември (12-13 декември 2019) НАИТМ одржа и годишна конференција и берза на услуги.



Согласно забелешките, евидентно е дека посетата низ поставката и натаму може и треба да се унапредува користејќи ги сите методи и начини, особено оние што веќе ни се на располагање. Во оваа смисла надополнување на постоечкиот аудио-водич Минато на дланка на други јазици, би бил корисен за странските посетители. Како дополнување на интерактивните можности можат да се искористат и QR кодови, Augmented Reality, изработка на мобилна апликација и слични подобрувања.

1. **Соработка со Музејот на човекот во Париз**

Иницијативата за соработка со Музејот на човекот во Париз и Институтот за културно наследство произлезе од соработката и истражувањата направени со неколку институции со поддршка на Француската амбасада во Р.Северна Македонија. Утврдивме конкретни идеи за заедничка соработка, особено во делот на евидентирање на македонските предмети и колекции најпрво во Музејот на човекот, а сега се лоцирани во Музејот на европски и медитерански цивилизации во Марсеј. Соработката ќе продолжи и во делот на тренинг обуки за музејско работење, презентации,размени.
Амбасадорот Christian Thimonier ја изрази достапноста и интересот на француските власти за поддршка на тековниот научен и museological пристап.

Во рамките на соработката со Француската амбасада ни овозможија превод на француски јазик за аудио-водичите кои се дел од водењето на музејската поставка. И во најскоро време наративното раскажување ќе биде надополнето и збогатено покрај македонскиот јазик и на француски јазик. На тој начин овозможуваме поголема пристапност на странските посетители да ја запознаат музејската приказна преку промоција на музејските предмети.



## V. МУЗЕЈСКА ЕДУКАЦИЈА

### 1. ЕДУКАТИВЕН ПРОЕКТ: „МУЗЕЈОТ ПРИЈАТЕЛ НА ДЕЦАТА“ „ИСТРАЖУВАЧКИ СПОМЕНАР“

На 08.02.2019 година со почеток во 12 ч., во конгресната сала на НУ Музеј на македонската борба за самостојност -Скопје се одржа завршната манифестација на проектот „МУЗЕЈОТ ПРИЈАТЕЛ НА ДЕЦАТА“ за изработка на „Истражувачкиспоменар**“** на тема од областа на македонската историја. Проектот беше од натпреварувачки карактер за што беше формирана комисија во состав:ДаниелаМитевска и Ана Вишинова историчари - едукатори во музејот како автори на проектот, Дарко Трпески историчар - водич во музејот и двајца надворешни соработници Снежана Штрковска лектор по македонски јазик и Атанас Сопотскипрофесор по историја во СУГС „Раде Јовчевски Корчагин“ од Скопје.

На 18.01.2019 година заради потребите на проектот за избор на најдобро изработен „Истражувачки споменар“ беше одржан состанок на споменатата стручна комисија која врз основа на претходно утврдени параметри и критериуми кои треба да бидат задоволени при изработката на споменарот ги одбра трите најдобро изработени. Во изработката на „Истражувачкиот споменар“, зедоа учество учениците од 9 основни училишта од градот Скопје и пошироко. Тиесе претставија со своја екипа

од 10 ученици, одбрана од нивните наставници по историја кои учествуваа во изработката на споменарот и Power point презентации за тоа што ги инспирирало да ја изберат својата тема, како се одвивала истражувачката работа и изработката на „Истражувачкиот споменар“.

На свечената завршна манифестација со колешката ги запознавме присутните гости со суштината и целите на проектот по што следеше доделување на сертификати за учество на сите учесници во проектот како и прогласување на трите најдобри учесници на кои покрај доделувањето на скромните награди им беа доделени и дипломи за изработка на “Истражувачкиот споменар“.

Во врска со одобрениот едукативен проект „Музејот пријател на децата“ се ангажирав во истражување, планирање, обмислување и подготовка на план за изработка на детска сликовница.По извршените истражувања, и консултациите со нашите надворешни стручни соработници се зафатив со изработка на текстовите за темите кои ќе бидат претставени во сликовницата. Оваа сликовница ќе претставува богато илустрирана музејска публикација проследена со кратка и јасна нарација за одредени настани, историски личности и експонати кој се претставени во музејската поставка. Истата ќе биде наменета за помладата популација, но може да се намени и за децата со интелектуална попреченост со кои би сакале да оствариме поинтензивна соработка и дружење со цел да го направиме музејот отворен и достапен за сите посетители. Целта е преку прикажување на содржини релевантни за граѓата која се чува и излага во музејот, да ја привлечеме помладата публика, да промовираме разни историски, уметнички и други содржини на нашето минато и да го прошириме знаењето за истото.

3. **ЕДУКАТИВНИ И КРЕАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ:Едукативна работилница на тема:„СПОМЕНИ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА“**

На 22. 02.2019 година, со нашите почитувани пријатели и соработници од Здружението на интелектуалци пензионери на град Скопје, едукаторитеАна Вишинова и Даниела Митевскареализираа едукативна работилница во врска со времената изложба „СПОМЕНИ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА“. Преку презентација на експонатите, фотографиите и документите изложени на изложбата,детално ги запознаа нашите посетители со причините за отпочнување, текот и последиците од Првата светска војна. Цел на работилницата беше и преку еден неформален разговор и дискусија, да се споделат сеќавањата на потомците на директните учесници во Големата војна. Околу триесетинатина членови на ова здружение споделија спомени кои грижливо и повеќе децениски ги чувале како дел од својата семејна историја и традиција, а претставуваат сведоштво и за колективната меморија на македонскиот

народ.На крајот на учесниците им беа поделени анкетни листови, со кои им беше дадена можност писмено да ги пренесат сеќавањата на своите предци кои некогаш учествувале на Македонскиот фронт.




4. **Едукативна-креативна работилница и изложба: „ИМПРЕСИИ НА РЕФЛЕКСИИ“**

На 9. 05. 2019година во рамките на проектот Музејот пријател на децата беше организирана едукативна и креативна работилница мотивирани и инспирирани од гостинската времена изложба „ЕВРОПСКАТА МОДА НА ЦРНОГОРСКИОТ ДВОР - РЕФЛЕКСИИ“ на Народниот музеј на Црна Гора која беше свечено отворена на 17.04.2019 година. Во работилницата зедоа учество учениците од 3 основни училишта: ООУ Аврам Писевски, ООУ Јан Амос Коменски и ООУ Лазо Трповски од Скопје.Откако се запознаа со изложбата водени од своите импресии нашите гости креативно се изразија и изработија уникатни творби. Инпресионирани од нивната креативност организиравме изложба насловена како „ИМПРЕСИИ НА РЕФЛЕКСИИ“ на која беа претставени сите изработени креации. Изложбата беше поставена во холот на музејот во едукативното катче која учесниците во работилницата и посетителите можеа да ја видат до 21.06.2019 година.




5. **Едукативна работилница - трибина на тема:„СВЕДОШТВА ОД НОБ“**

Во салата на Порта Македонија на 09.10.2019 година по повод Денот на народното востание на македонскиот народ - 11 октомври во соработка со претседателката на Здружението на пензионери интелектуалци на град Скопје, м-р. Грозда Донева едукаторите организираа едукативна работилница – трибина, „Сведоштва од НОБ“. На трибината повеќе членови на здружението низ своите сеќавања како директни учесници во настаните или членови на нивните семејства ги запознаа учениците од ООУ „Вера Циривири - Трена“, ООУ„Лазо Трповски“ и ООУ „Аврам Писевски“ од с. Бардовци, Скопско со вистински човечки приказни и сведоштва од народноослободителната борба. Целта беше преку нивните спомени и интеракција со учениците подетално да ги запознаеме помладите генерации со денот кога започна народното востание и борбата до конечно ослободување на нашата татковина.

6. **Едукативна - креативна работилница на тема**: **„МУЗЕЈСКИ ВПЕЧАТОЦИ“**

На 30.10.2019 година едукаторите организираа едукативна и креативна работилница на тема „Музејски впечатоци“. Преку оваа работилницата околу триесетина ученици од петто одделение од ООУ „Лирија“ од Тетово беа запознаени со музејската поставка и историското минато на нашите предци. На вториот дел од работилницата во релаксирана атмосфера учениците можеа креативно да се изразат преку цртање, боење и пишување за своите импресии и впечатоци од музејот. Целта на оваа едукативна и креативна работилница беше во еден пријатен и релаксиран амбиент во Музејот, децата да го запознаат нашиот Музеј и да научат повеќе за историјата и нашето минато.

7. **Едукативна работилница на тема**:**„75 ГОДИНИ ОД ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ГРАДОТ СКОПЈЕ“**

По повод 75 г. од ослободувањето на градот Скопје, на 12.11.2019 година во просториите на Порта Македонија не посетија дечињата од детската градонка „Кочо Рацин“ од Скопје. За нив со едукаторите низ дружба и панорамски поглед на градот Скопје им организираа кратка презентација и нивно запознавање со историјатот од ослободуваето на градот Скопје во текот на НОБ по што следеше и една кратка прошетка низ плоштадот на градот.






**8. Едукативна работилница на тема:„ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА НАРОДНИОТ ХЕРОЈ КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ - ПИТУ“**

Во рамките на проектот „Музејот пријател на децата“ на 06.12.2019 година, се организира едукативна работилница со учениците од ООУ „Кузман Јосифовски - Питу“ од Скопје. Преку оваа работилница учениците можеа да се запознаат со музејската поставка, но и со животот и делото на народниот херој Кузман Јосифовски – Питу. Покрај едукативниот дел од работилницата учениците можеа и креативно да се изразат преку изработка на „Истражувачки споменар“ посветен на нашиот познат херој Кузман Јосифовски – Питу. Овој споменар учениците го изработуваат во наредните неколку месеци во постојана соработка и консултации со едукаторите со можност за дополнителни посети на музејот за потребите за изработка на споменарот.

**9. ПРОЕКТ:„ЖЕНАТА БОРЕЦ ЗА СЛОБОДА И МАКЕДОНСКА ДРЖАВНОСТ“**

**Проектот се состоеше од : Изложба и хуманитарна работилница.**

По повеќе месечната истражувачка работа за изнаоѓање и обработка на потребните историски материјали, документи и предмети, изработка и превод на англиски јазик на стручни текстови и сите тековни обврски за изработка и печатење на брошури, форекс

паноата, плакати и легенди следеше поставувањето на времената изложба посветена на „ЖЕНАТА БОРЕЦ ЗА СЛОБОДА И МАКЕДОНСКА ДРЖАВНОСТ“.Свеченото отворање на изложбата беше на 07.03.2019 година во холот на музејот.

Паралелно со изложбата се организира и хуманитарната работилница во соработка со здружението на инвалиди на град Скопје “Мобилност“




<u>ВОНПРОГРАМСКИ ЕДУКАТИВНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ</u>:

**10. ПРОЕКТ: „ВИКИ - КЛУБ“**

Тековниот проектот„ВИКИ - КЛУБ“којсе реализира во соработка со Здружението за умножување слободни содржини „ГЛАМ Македонија“ од Скопје. Обуките на „Вики - клубот“ едукаторите ги реализираа во просториите на Музејот, секоја среда од 14 до 16 часот во текот на целата учебна година.Заинтересираните ученици станувaат членови на клубот во рамките на кој се одвива обука како да се вклучат и како да пишуваат статии на „Википедија“.Темите на кои што пишуваат младите Википедијанци се слободни, но се организираат и повеќе тематски работилницинаречени едитатони (editathon),односно уредувачки маратони, на кои главна тема е историјата на македонскиот народ. На овие уредувачки маратони членовите на „Вики - клубот“ со стручната помош на едукаторите со користење на стручна литература, извори и документи изработуваат нови или дополнуваат постоечки статии на „Википедија“.

**11.** Организирање на средба на членовите на Вики клубот:

На 10.09.2019 година во Порта Македонија во соработка со претседателката на здружението за умножување на слободни содржини „ГЛАМ Македонија“ – Скопје, Снежана Штрковска едукаторите организираа средба со членовите на Вики клубот која сеодржа на барање на советот на Википедија со седиште во Њујорк заради пополнување на прашалници со цел обезбедување на разновидност и учество на различни групи на луѓе: според пол, географски, индивидуално, старост, попреченост, и националност бидејќи во моментот на повеќето јазични Википедии најголем број од уредувачите се од машки пол, а голем број на заедници се маргинализирани. На кој начин можеме да им помогнеме на сите групи да се вклучат на Википедија или да бидат поактивни? Дали на младите посебно учениците им се јасни текстовите од статиите, или се потребни повеќе видеа? Дали волонтерите во иднина треба да се наградат парично за нивниот придонес? Како да ја направиме Википедија место каде секој ќе се чувствува добредојден? Кој треба да биде одговорен за спречување на лошо однесување на Википедија? Овие прашалници имаа за цел да се подобри пристапноста на Википедија во која ќе бидат добредојдени сите категории на групи на луѓе.

**12.** Истражување за изложбата со наслов:**„НЕКОЛКУ НИЈАНСИ ЖЕНСКИ ПРИКАЗНИ“**

Во периодот од месец април до месец јуни м-р Бојан Трпевски, Даниела Митевска и Ана Вишинова учествуваа во подготовките за реализација на новата изложба на музејот на тема „МУЗЕЈСКИ СЕНКИ – ЖЕНСКИ ПРИКАЗНИ“.Истите се ангажираа во подготвителните истражувања за прибирање и обработка на потребните материјали, документи, фотографии, лични записи и документарни филмови. Истражувањето се одвиваше во: Институт за човекови права; Кинотека на Северна Македонија; Државен архив на Р. Северна Македонијаи Музеј на град Скопје. Потоа следеше и изработка на текстовите со кратки биографии за избраните ликови на истакнати жени од нашето минато кој ќе бидат претставени на мултимедијалната изложба.

м-р Бојан Трпевски,водич во поставка учествуваше на обука за интерпретативни водичи во организација на НВО Interpret Europe што се одржа во НУ Музеј на Македонија-Скопје во периодот од 28.10- 1.11.2019 година за што се здобив и со сертификат за учество.

## VI. МУЗЕЈСКА ПРОМОЦИЈА

Вработените од музејот се редовни стручни гости на програмите на телевизија Сител по повод одбележување на значајни датуми од македонската историја кои ги покрива музејот – 2 Август, 8 Септември, 11 Октомври и 23 Октомври.

Секоја комуникација со јавноста,музејот ја реализира и преку редовно ажурирање на официјалната веб-страница на која ги објавуваме сите релевантни активности и настани во музејот.Информациите на веб-страницата се објавуваат на македонски и на англиски јазик..Паралелно со страницата,музејот во 2019 година продолжи со активно ажурирање на профилите на социјалните мрежи facebook и google.

## ЕВИДЕНЦИЈА И ИЗРАБОТКА НА БИБЛИОТЕЧНИОТ ФОНД

Интензивно работевме на систематизирана евиденција на библиотечниот фонд на институцијата којшто во изминативе осум години е депониран во музејот,по пат на подарување,размена и набавка на публикации.Библиотечниот материјал повеќе примероци е распореден во различни области како историја,историја на уметност,археологија,музеологија итн.,а се обработува според правилата за стручна обработка и децималните класификации ИСБН и ИССН. По обработка и доделувањето сигнатура,евиденција на библиотечниот фонд ќе биде електронски поврзана со ситемот на НУБ Климент Охридски од Скопје. Се формираше комисија за попис на книжевниот фонд која  направен  Попис на книжевниот фонд на музејот во конференциската сала и на вториот кат на музејот и вкупно се попишани 3520 книги и материјали.

## VII.ИЗДВОЕНИ АДМИНИСТРАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО МУЗЕЈОТ

### 1. Спроведување на функционална анализа

На ден 28.02.2019 година како раководно лице на Институцијата формирав  работна група во состав од четири члена вработени во музејот за  спроведување на функционална анализа со архивски број 02-69/13.

Спроведувањето на функционалната анализа беше првиот и појдовен чекор во иницирањето и воспоставувањето на промените во внатрешната поставеност и извршувањето на работните процеси во НУ Музеј на македонската борба - Скопје. Анализата укажа на реалната моментална состојба во институцијата односно, дали има потреба од систематизирање и пополнување на нови работни места согласно стратегискиот развој на Музејот, но и истовремено, кои организациски единици и работни процеси не се ефикасни и ефективни, па следствено на тоа би требало да се укинат, прераспределат, дополнат, променат и слично. Извештајот од спроведената функционалната анализа даде конкретни препораки чијашто понатамошна

имплементација доведе до конкретни резултати во смисла на подобрување на внатрешните процеси и функционирање на НУ Музеј на македонската борба-Скопје.Еден од главните чекори беше подготвувањеи усвојување на новите акти за внатрешна организација и систематизација на работни местасо цел, подобра организираност на Музјеот и остварување на целта - ефикасна и ефективна установа, подготвена за справување со предизвиците.

Како резултат на овој извештај музејот ќе донесе и План за подобрување на функционирањето на институцијата.

**2. Правилник за систематизација на работните места и Правилник за внатрешна организација на НУ Музеј на македонската борба за самостојност – Скопје**

Согласно општите и посебните препораки на работната грушаза спроведување на ФАи деталното истражување кое ја утврди потребата од донесување на нови акти за систематизација и внатрешна организација на установата и со оглед на тоа дека анализата на севкупниот фонд на музејскиот материјал и музејските предмети на музејот ја јавува потребата од формирање на музејски збирки (историски и етнолошки) и комплетирање на музејската документација со инвентарни броеви согласно правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, книгата на изложби, картотеката на музејски предмети, каталогот на музејски предмети, електронската база на податоци и другите видови на музејска евиденција и музејска документација,како  в.д. директорот на музејот постапив според дадениот извештај од работната група и заклучно со тоа донесен е нов Правилник за ватрешна организација со архивски број 01-451/1 од 01.08.2019 година и нов Правилник за систематизација на работните места со архивски број 01-451/2 од 01.08.2019 година.

**3. Спроведено оценување на административните службеници**

Според Правилникот на МИОА кој го пропишува начинот на спроведување на полугодишнотоинтервју, формата и содржината на извештајот за полугодишно интервју, поблискитекритериуми за начинот на оценување на административниот службеник, поблискитекритериуми за начинот на оценување на административен службеник во институции сопомалку од 20 административни службеници, формата и содржината на обрасците заоценување, формата и содржината на извештајот со ранг листа на годишни оценки, како исодржината на извештаите и начинот на оценување на административните службеници водруги околности (Службен весник на РМ, бр. 63 од 10.4.2018 година), в.д. директорот на музејот Даниела Николова за прв пат спроведе целосна постапка на оценување на административните службеници и на секој административен службеник ја предаде пондерираната оценка пресметана според степенот нареализација на работните цели и задачи, дадениот придонес

коноstварување на стратешкиот план на институцијата, демонстрирањето на општите и посебните работни компетеции за работното место, и
остварувањето на работните цели и извршувањето на работните задачи на службениците.

## 2. Донесени правни акти

Согласно моите предлозите дадени на Управниот Одбор на установата, во текот на 2019 година донесени се следните правни акти:

- Правилник за користење на службен мобилен телефон со архивски број 01-532/6 од 02.10.2019 година.
- Правилник за изменување на правилникот за работа со посетители со архивски број 01-615/5 од 22.10.2019 година.
- Правилник за користење на приватно возило за службени цели со архивски број 01-737/3 од 13.12.2019 година.
- Правилник за начинот на вршење на попис на средствата, побарувањата и обврските и усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба утврдена со пописот со архивски број 01-737/4 од 13.12.2019 година.
- Кодекс на однесување на вработените во музејот со архивски број 01-791/3 од 25.12.2019 година. и
- Правилник за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на тестирањето, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен јавниот оглас од музејот, со архивски број 01-791/6 од 25.12.2019 година.

## 5. Посетеност на музејот во текот на 2019 година

Во текот на 2019 година ‘’Музејот на македонската борба за самостоност – Скопје го посетија околу 3000 ученици од повеќе основни и средни училишта од најразлични градови.

Беше остварена директна средба со наставници, професори и директори на 10-ет училишта во град Скопје, со училиштата од внатрешноста на Македонија беа остварени телефонски разговори за закажување на термин и посета на Музејот на македонската борба, како и соработка со туристичките агенции “Бран”- Прилеп, “Атлантик”- Штип, “Атлантис”- Струмица,’’Јоцо Турс”.

Во Музејот на македонската борба своја посета оствари и високи делегации и гости на МВР како и на Армијата на Република Северна Македонија.

Како и претходните години така и во текот на 2019 год. туристичката агенција Фибула не изостана со туристите од Холандија. Вкупната бројка на посетители коишто ги реализираше Т.А. Фибула за изминатата 2019г. коишто го посетија Музејот на македонската борба изнесува 1373 гости.

Се на се изминатата 2019 година беше поуспешна од минатата 2018 г. со посетеност од над 1000 гости повеќе во Музејот. Вкупниот број на посетители за 2019г. изнесува 17.448.

## 6.Одржани настани во музејот во текот на 2019 година

Во текот на изминатата 2019 година во НУ Музеј на македонската борба за самостојност - Скопје се одржаа вкупно **102** настани од кои**67** беа комерцијални настани, а **35** поддржани од страна на НУ Музеј македонската борба.Од страна на Музејот беа поддржани:промоции на книги, изложби, хуманитарни здруженија и др.. Што се однесува до комерцијалните настани Музејот континуирано соработува со повеќе приватни субјекти, амбасади во Р.С.М државни институции и.т.н.

## 7.Одржани настани и посетеност на подружница Порта Македонија

Во периодот 2019 година, во објектот Порта Македонија, која работи како подружница на Музејот на Македонската борба одржани се вкупно 13комерцијалнии 15некомерцијални настани.

Венчавките во Порта Македонија се одвиваат четири пати неделно, односно секоја среда, петок, сабота и недела во попладневните и вечерните часови, а договорот со Матичната служба е продолжен до 1.6.2020 година.Овие денови ги вбројуваме како денови во кои е одржан настан, бидејќи Матичната служба, според договорот, плаќа месечна закупнина, а салата во објектот е ставена во нивна комплетна употреба (ладење, греење, осветлување, хигиена, технички лица и сл.)

Колекционерската изложба на макети на автомобили која беше поставена во горната галерија и за која беше извршена целосна евиденција, е повлечена, така што галерискиот простор е ставен на располагање и во функција за поставување на изложбите кои се предвидени за 2020 година, како и за непречено одржување настани од комерцијална природа.

Покрај комерцијалните настани, во објектот Порта Македонија се одржуваат и настани организирани од Википедија, односно Вики клубот при Музејот на Македонската борба, како и конференции и настани организирани од Министерството за култура.

Одржани се неколку настани од хуманитарен карактер како одбележување на денот на лица со телесна попреченост, Здружение „Раст“,Сојуз на инвалиди.

За посета на терасата-видиковец продадени се 154 влезници, со напомена дека бројот на посетители е многу поголем, со оглед на тоа што со влезница од Музејот на македонската борба, може да се посети и објектот Порта Македонија.

## VIII. ИЗДВОЕНИ ТЕХНИЧКИ АКТИВНОСТИ ВО МУЗЕЈОТ

### 1. Конзервација на текстил

Во постојаната поставка на музејот помошно техничките лице задолжени за поставката заедно со надворешниот соработник во својство на Виш конзерватор за текстил во надлежниот матичен музеј, Јагутка Деловска извршија целосен увид на текстилот на 153 восочни фигури, распоредени и групирани во 13 одделенија во постојаната поставка на музејот. По извршениот увид приатапено е кон превентивна конзервација на истите и извршена е целосна заштита на текстилот со посебна Rainbow машина.




### 2. Одржување на Музејот

Согласно потребите на установата се пристапикон следните интервенции:

- Поправка на сите врати во установата.
- Сервисирање на системите за греење и ладење и доградба на заштитна ограда на системот за ладење.

**МУЗЕЈ НА МАКЕДОНСКАТА БОРБА - СКОПЈЕ**
11 Март бр. 1, П.Ф. 211, 1000 СКОПЈЕ **ТЕЛ:** 02 3256668 **ФАКС:** 02 3256667 **Е-ПОШТА:** mmb@mmb.org.mk

- Набавка на резервни делови и сервисирање со цел правилно функционирање на проекторите за презентација во конференциската сала на музејот
- Подесување на системот за видео надзор и поврзување и програмирање на постоечкиот алармен систем и противпожарниот систем.
- Чистење на фасадата на установата.
- Поставување на платно со додатни механизми на уметничко дело во фоајето на музејот
- Изработка на метални елементи за заштита од птици
- Набавка на фасонки за вградени светилки, монтажа на пригушници за осветлување и позиционирање на светлосен флукс кај постоечките светилки.
- Промена на комплет рампа со автоматика поради нејзина нефункциолналност
- Санација и молерисување на оштетени ѕидови и плафони.
- Собирање вода и исфрлање на шут од гаражниот простор и депоата на музејот.
- Реставрација на огласна табла и клупите поставени околу жардинерите на установата.

Прилог : Годишен извештај од период од јануари-декември 2019г

Скопје, 04.03.2020 г.

Подготвил:

В.Д Даниела Николова

Доставено до:Архива на музејот; Управниот Одбор на музејот; Министерство за култура.